Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1763/2019
Дата.........................
20 -12- 2019

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врски, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија.**

Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма изнесува од 204,078 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог. Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Демир Капија, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конечниот плански опфат.

На дел од планскиот опфат на Генерален урбанистички план за град Демир Капија, Општина Демир Капија, се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на:

- ДУПД за изградба на бензинска пумпна станица на м.в. Церот, на КП 3941/2 и КП 3947, КО Демир Капија, Општина Демир Капија;
- УПВНМ за индустриска зона "Попова Кула" на КП: 1046, 1047, 1048, 1049, 1050, 1051, 1052, 1053, 1054, 1055, 1056, 1057, 1058, 1060, 1061, 1062, 1063, 1065, 1066, 1067, 1068, 1069, 1070, 1071, 1072, 1077, 1078, 1079, 1080, 1081, 1082, 1083, и делови од КП: 1039, 1045, 1059, 1064, 1076/1, 1084 и 5612, КО Демир Капија, Општина Демир Капија и


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

-УПВНМ за изградба зона за спорт и рекреација на КП: 4187, 4188, 4189, 4396, 4397, 4398, 4399, 4400, 4401, 4402, 4403, 4404, 4405, 4407, 4408, 4409, 4410/1, 4410/2, 4410/5, 4411, 4380, 4381, 4382, 4383, 4375/1, 4375/2, 4375/3, 4375/4, 4375/5, 4376, 4377, 4378, 4379, 4373/2, 4373/3, 4369, 4420 и делови од КП:4529, 4530, 4410/4, 4421/1, 4421/2, 4371, 4372, 4373/1, 4329, 4532, 4333, на м.в "Куријте" и "Лагот", КО Демир Капија, Општина Демир Капија.

Површината на планскиот опфат за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 196,48 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y 20319** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритет определени со "Просторниот план на Република Македонија" е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрктното ограничување на трансформација на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Генерален урбанистички план за Град Демир Капија,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Општина Демир Капија, влегува во заштитено природно наследство: ДЕМИР КАПИЈА (споменик на природата) и ЦРНИ ОРЕВИ (споменик на природата).

– При изработка на Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија, потребно е да се внимава да не дојде до нарушување на вредностите на споменикот на природата и да се почитуваат одредбите согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), како и заштитната категорија и режимите на заштита, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на РМ (2004 год.) - Студијата за заштита на природното наследство.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерство за транспорт и врски, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), со постапка бр. 25129 од 18.11.2019 год., до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија.** Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма изнесува од 204,078 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1763/2019 од 12.12.2019 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија, и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР

Naser Nuredini

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk